**Димитар Василев Македонски (1847 –1898) е македонски учебникар, учител, општественик и публицист.**



Димитар Василев е роден во 1847 година во село Емборе, Кајларско, Егејскиот дел на Македонија. Во родното село завршува основно грчко училиште, а на 17 години заминува кај татко му кој бил на печалба во Цариград. Таму го продолжува школувањето во Големото народно училиште, а потоа во приватен Грчко-француски лицеј. Подоцна учи и во Бугарско училиште во црквата „Св Стефан“, што му овозможува покрај турскиот, грчкиот јазик, да го совлада франацускиот и бугарскиот јазик. Покрај овие, Димитар ги совладува и говори италијански, германски, англиски и руски јазик.

Познавањето на повеќе јазици му овозможува на Димитар Василев полесно да го дефинира „македонското наречје“ и да направи јасна разлика меѓу македонскиот и бугарскиот народ. Во учебниците кои ги објавува тој споредбено претставува македонски зборови и дијалектни изрази наспроти туѓите употребувани форми.

На почетокот на 1867 година, заедно со охриѓанецот Димитар Христо Узунов, Димитар Василев го објавува првиот учебник „Буквар за употребение в македонските училишта“, а истата година и „Кратка свјаштениа историја за училиштата по Македонија (на

македонско наречие)“. Наредната 1868 година, тој го објавува и преводот од грчки „Скратен православен катихизис“, што ќе предизвика критики на бугарската црковно-просветна пропаганда.

Со објавувањето на трите учебници, по првите пројави на Кирил Пејчиновиќ и Теодосиј Синаитски, тој во втората половина на XIX век отвара нова страница во македонското преродбенско движење и дава нов импулс во заедничката македонско-бугарска борба против грчката патријаршија и нејзината духовна и јазична доминација. Потоа учителува во Влахо-Клисура, Воден, Струга и Битола, каде учествува во борбата за обновување на Охридската архиепископија и воведувањето на старомакедонскиот јазик во црквите и училиштата.

Откако пропаднаа напорите да се обнови Охридската архиепископија, по формирањето на Бугарската егзархија во 1870 година, Димитар речиси цела година, заедно со воденскиот првенец Гогов престојува во Цариград, каде се заложува за вклучување на македонските епархии во новоосно ваната православна црква, како и за избор за владика на тогашниот претседател на Воденската општина Павел Божигропски.

Во периодот од 1871 до 1873 година, Димитар Василев останува во Цариград каде работи како учител, прво при Бугарската црква во Цариград, потоа во училиштето во Вланга и како „мобилен учител“ за Македонците во околните населби. Во овој период тој пишува за цариградскиот печат и влегува во полемика за македонското прашање со редактор на весникот „Македонија“ П.Р. Славејков. По повод отсуството на покана за учество на македонските епархии во новоосно ваната православна црква, Димитар Македонски во својата статија до главниот редактор на весникот „Македонија“, Славејков, пишува: „ ...*Македонците не се изгубиле од лицето на земјата како што некои си дозволуваат да докажуваат оти колку што ние знаеме тие не се согрешиле никогаш толку та да зине земјата па да ги голтне* “.

Димитар Василев го напушта Цариград и станува учител во Битола во учебната 1873/74 година, а во 1875/76 ја води „бугарско-романската книжарница“ во градот. По Руско-турската војна во 1877/78 година Димитар емигрира во Бугарија, а веќе наредната 1879 година станува учител во Еврејското училиште во Софија. Неколку години потоа, во 1882 година станува помошник-обвинител на Софискиот окружен суд, претседател на Ќустендилскиот суд и ревизор во Министерството за просвета.

Како софиски адвокат, Димитар дејствува меѓу македонската емиграција во Софија. Учествува во основањето на Бугарско-македонското друштво, потоа во текот 1882/83 година работи на редактирањето на списанието „Св □ тлина“, како и во Друштвото за помагање на бедните Македонци. Исто така, Димитар дејствува во Македонското читалиште, како и во Заемо-спестовната каса на Македонците во Софија, а во 1884 година  станува член и на Булгарското благотворително друштво во Цариград. Уште во текот на 1882 година, Димитар Македонски се запознава со Коста Шахов, а потоа во 1889 година станува редактор на Шаховиот весникот „Македония“.

Кон крајот на истата година (18. XII 1889) оди во Македонија. За време на престојот во Битола и Солун каде останува до крајот на јануари следната година се запознава со дејноста на пропагандите. Потикнат од нивното дејство,  Димитар под псевдонимот Македонски во повеќе написи во весникот „Македонија“ препорачува како да се реши македонското прашање. Според него, „македонската емиграција треба времено да ја напушти својата политика; таа треба да се постави врз чисто македонска почва и потоа може успешно да оди напред со своите стремежи. Македонските друштва и организации треба да се титулираат исклучиво како македонски, без додавката: бугаро, романо, србо или елино... не е време ние Македонците да изјавуваме желба за наше присоединување при некоја држава, бидејќи тоа ќе го използуваат соседите, Македонија ќе биде распокината.“

Во текот на 1890/91 година, по нападите и силна пропаганда која се води за македонското прашање од страна на провладиниот софиски весник „Свобода“, Димитар Македонски преку весникот „Македонија “ одговара дека: „ .. *Ние повеќе се надеваме дека постојните прашања во Европа, меѓу кои се наоѓа и .... македонското прашање, ќе се решат мирно од страна на големите сили. Во секој случај..., при нашето молчење, тоа ќе биде решено во полза на онаа страна што умее повеќе да вика. Следствено, интересите на Македонија, интересите на самите Македонци нема да бидат земени во предвид и се ќе реши на наша штета. Нашето општо постоење во иднина бара од нас едно општо дејствување. ...не треба да седиме со скрстени раце, туку треба машки да се фатиме за работа...“*

Поради ваквото пишување и учеството во македонските асоцијации, по убиството на министерот Белчев и тој е уапсен и суден во 1891/92 година. Потоа, во 1894 година станува претседател на Друштвото „Татковина“, како и член на Македонскиот комитет во 1895 година. Во текот на 1894/95 година го издава неделниот политички, трговски и литературен весник „С□гласие“ и печати разни политички книшки и преводи од француски, руски, турски и грчки јазик. Кон половината на 1897 година е поставен за редактор на егзархискиот орган „Новини“ во Цариград. Поради уводна статија за Виничката афера, тој е убиен од македонските револуционери на 20. II 1898 во Истанбул.